**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-128/3**
**Скопје,15.11.2024 година.**

Записник од петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 15.11.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Макеоднија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на петтата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 3-та и 4-та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар.
3. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип.
4. Разно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори петтата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седница. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека поради тоа што не учествувал на четвртата

седница на Советот поради службено патување нема да гласа за овој записник, додека ќе гласа за усвојување на записникот од третата седница на Советот. Останатите членови на Советот едногласно ги усвоија записниците од 3-та и 4-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Вишиот јавен оббвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар, и тоа ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово, ОЈО Дебар и ОЈО Кичево како и со Годишниот извештај на ВЈО Гостивар за 2023 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителтсва од подрачјето на ВЈО Гостивар, со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2023 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство поединечно како и за ВЈО Гостивар. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајната 2023 година постапувале професионално и стручно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани на излагањето на Годишниот извештај со што истакна дека е добиена реална слика за постапувањата на јавните обвинителства од ова подрачје каде што биле забележани позитивни работи во нивното предметно работење, како и одредени слабости. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кој е координатор за ова подрачје. Постави прашање во однос на предметите каде не се запазени роковите за постапување согласно чл. 275 ст.1 од ЗКП. Запраша дали ќе се превземат мерки или веќе се превземани од страна на вишиот јавен обвинител. Постави прашање за бројот на стручната служба во обвинителствата на подрачјето на ВЈО Гостивар и каде најмногу има недостаток од јавнообвинителски службеници.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека при извршените контроли Вишото јавно обвинителство има укажано, а воедно истакна дека тука повеќе се работи во однос на поднесените претставки. Во однос на јавнообвинитеслката служба кажа дека се имаат обратено писмено до ЈОРСМ, биле доставени барања и извештаи, но досега нема вработувања. Како најголем проблем го потенцираше немањето на преведувачи. Кажа дека се ангажираат од страна што не би смеело, а тоа влијае на квалитетот на преводот и на буџетските средства.

Г-ѓа Кети Петкова како координатор за Вишото јавно обвинителство Гостивар го пофали Годишниот извештај, кажа дека ги содржи сите потребни статистички податоци, дека нема грешки и кореспондира во вистинската фактичка состојба на работата на сите основни јавни

обвинителства, како и Вишото јавно обвинителство Гостивар. Во однос на кадровската состојба кажа дека со овој проблем се соочуваат сите јавни обвинителства во РСМ. Воедно даде забелешка на фактот дека и покрај намалениот број на предмети во однос на извештајот од 2023 година, има голема бројка на нерешени предмети во поглед на извештајот од 2022 година и дека тој процент изнесува дури 42%.Постави прашање дали се превземаат мерки од страна на Вишиот јавен обвинител.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани истакна дека превземени се мерки при извршените контроли од страна на Вишото јавно обвинителство. Кажа дека се оди со усни и писмени укажувања. Како најголем проблем ги посочи вештачењата каде кај вештаците останувaат предмети и по неколку години.

Г-ѓа Кети Петкова како забелешка укажа на намалениот број на пријави од страна на МВР, меѓутоа од вкупниот број на пријави кој што биле доставени од страна на МВР, а се однесува по лица има голема бројка на отфрлени пријави. Запраша на што се должи оваа висока бројка на отфрлени кривини пријави.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека кореспонденцијата со МВР е подобрена, но укажа на податокот дека пријавите не се изготвени како што треба и дека од тие причини истите се отфрлаат.

Г-ѓа Кети Петкова се осврна и на малата бројка на склучени спогодби и дека кај некои јавни обвинителства нема примена на чл.43 и чл.44. Воедно кажа дека нема оформени предмети и иницијативи од ДКСК од Завод за ревизија. Постави прашање дали воопшто немало поднесено такви иницијативи или пак не се оформени предмети по тие иницијативи.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека јавните обвинители постапуваат согласно чл.43 и тоа неколку години station наназад . Во поглед на предлог спогодбите кажа дека имало неколку предлог спогодби за било предвидена затворска казна над 5 години. Кажа дека истите не добиле согласност од негова страна од определени причини, а за останатите било дадена согласност бидејќи ги содржеле сите потребни елементи кои треба да содржи една спогодба. Воедно кажа дека порано имало повеќе иницијативи, сега тоа не е пракса. Во однос на ДКСК кажа дека за тековната година немало, додека претходните години имало поднесени иницијативи.

Г-ѓа Кети Петкова постави прашање во поглед на жалбите каде што кажа дека поднесени се вкупно 420 изјавени жалби од страна на обвинети лица, а само еден одговор на жалба.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека при вршењето на редовните контроли на јавните обвинители им било укажано да вложат повеќе внимание на одговор на жалбите и смета дека оваа година состојбата на тоа поле е значително подобрена.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека во ВЈО Гостивар 71% од предлозите на ВЈО Гостивар се исти со судот, запраша дали ова се однесува повеќе на одлуката на висината на кривичната санкција од тие што се различни.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека бројката е поголема од причини што порано имало условни отпусти, а сега нема, но има и за кривична санкција.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски праша дали има случаи на откажување од жалба во второстепена постапка од страна на ВЈО Гостивар во текот на извештајната година.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани одговори дека во текот на годината немало ниту еден предмет за откажување од жалба во второстепена постапка.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање и во однос на заведувањето на предмети, дали истиот е редоследен или дали се дава предност на притворските предмети.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека и согласно Правилникот предност се дава на притворските предмети, а останатите согласно бројката ден за ден истиот ден се заведуваат и се доделуваат на јавен обвинител.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање и во однос на склучените спогодби каде што кажа има само четири спогодби. Запраша дали нема интерес кај странките .

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека нема интерес, а и даде пример каде тројца пријавени еден склучил спогодба останатите не склучиле спогодба и добиле од страна на судот поблаги казни.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски запраша каква е соработката со МВР и другите државни органи во однос на јавните обвинителства. Исто така постави прашање во однос на роковите за кривични дела каде е предвидена повисока казна, јавните обвинители треба да бараат роковите да се продолжат. Постави прашање и за застарување на предмети од чл.353 колкава е таа бројка.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека соработката со МВР како и со другите државни органи е на задоволително ниво. Во однос на роковите кажа дека се одлучува во предвидениот рок од шест месеци. Во делот на застарувањето на предмети по чл. 353 кажа дека има повеќе поради промена на КЗ.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева постави прашање и кажа дека не е даден преглед на предмети, број на примени, решени предмети туку само по лица. И второ прошање постави дали е воедначена пракса на подрачјето на ВЈО Гостивар по однос на одложено гонење од 100-400 евра.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека се водат само по лица, а не по предмети. Во однос на одложеното гонење кажа дека тоа зависи од случај до случај и во каква финансиска состојба се наоѓа лицето.

Г-ѓа Марјана Илиеска го пофали Годишниот извештај на ВЈО Гостивар кажа дека ги содржи сите потребни податоци, графички прикази, споредбени анализи. Укажа забелешка во однос на ново пријавените кривични дела, подносители на кривичните пријави каде најголем број се од страна на МВР, кај иницијатива на јавен обвинител во споредбено со 2022 година имало 104 пријави по лица, во извештајната 2023 година е сведено само на 60 лица. Запраша на што се должи намалениот број на иницијативи на јавниот обвинител како подносител на кривични пријави по допрен глас. Воедно постави прашање и во однос на чл. 145 за опортунитет каде се уплаќаат средства во буџетот на РСМ, смета дека треба повеќе да се уплаќа и во хуманитарни цели.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани истакна дека претежно се евидентираат како дневни настани и тоа се евидентира како иницијатива на јавен обвинител. Во однос на чл. 145 вишиот јавен обвинител кажа дека на јавните обвинители им било укажано тоа да го имаат во предвид.

Г-дин Ермон Незири на мислење е дека извештајот е добро изготвен. Укажа на фактот дека има недостаток на јавни обвинители, како и на јавнообвинителски стручен кадар, на просторните услови за работа на јавните обвинители. Се осврна на предметите по непознат сторител, дали треба да биде одговорност за неодлучување на јавниот обвинител или пак на МВР како орган за откривање на лицата. Предложи ваквите предмети да се заведуваат во друг уписник.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани се сложи со забелешката искажана од страна на г-дин Ермон Незири кажа дека има многу такви предмети кои пак не зависат од јавниот обвинител. Истакна дека се пуштаат ургенции до МВР, но исходот е секогаш ист, не е познат сторителот на кривичното дело.

Збор зема г-ѓа Светлана Жупаноска му се заблагодари на вишиот јавен обвинител за опсежното излагање на извештајот. Смета дека има напредок во однос на минатиот извештај. Постави прашање по однос на нерешените кривични пријави од кои 40% како што се наведува во извештајот, се нерешени кај јавен обвинител, па дали во овој случај се работи за кадровска неекипираност или пак постои некоја друга причина.

Вишиот јавен обвинител г-дин Фаик Арслани кажа дека тие кривични пријави се превземени од страна на јавен обвинител, но нема одлука дека истите се решени.

Збор зема претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска која кажа дека извештајот е сеопфатен, дека дава пресек на целовкупното работење на Вишото јавно обвинителство Гостивар, како и на основните јавни обвинителства од ова подрачје. Смета дека со сите предизцици со кои се соочуваат јавните обвинители од ова подрачје, јавните обвинители успешно се справуваат и дека стручно и професионално постапувале по предметите. Воедно позитивно го оцени извештајот на ВЈО Гостивар за 2023 година, со подрачните основни јавни обвинителства.

Откако никој не зема збор Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар г-дин Фаик Арслани ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 2023 година. Едногласно со осум гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Гостивар за 2023 година, со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Гостивар, со подрачните основни јавни обвинителства ( Гостивар, Тетово, Дебар и Кичево) во 2023 година.**

Под точката три од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Вишиот јавен оббвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип, и тоа ОЈО Штип, ОЈО Радовиш, ОЈО Берово, ОЈО Делчево, ОЈО Кочани, ОЈО Свети Николе и ОЈО Струмица како и со Годишниот извештај на ВЈО Штип за 2023 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со содржината на истиот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителтсва од подрачјето на ВЈО Штип, со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2023 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство од подрачјето на ВЈО Штип, поединечно како и за ВЈО Штип. Кажа дека е отворена и пробациска канцеларија. Истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Штип за извештајната 2023 година постапувале професионално и стручно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски на излагањето на Годишниот извештај со што истакна дека е добиена реална слика за постапувањата на јавните обвинителства од ова подрачје, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири како координатор за подрачјето на ВЈО Штип, кажа дека нема замерки на извештајот, дека истиот ќе го подржи во целост. Кажа дека истиот е хронолошки прегледен со наративен дел каде може да се види се она што се бара од страна на законот. Истакна дека се бележи континуитет во работата, постапувања согласно законот и во рокови. Кажа дека ќе гласа за усвојување на истиот.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева кажа дека доаѓа од ова подрачје и дека позитивно го оценува Годишниот извештај.

Г-ѓа Кети Петкова му се заблагодари на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип на опсежното излагање на извештајот. Истакна дека и покрај сите недостатоци кои се однесуваат на недостаток на јавни обвинители и стручна служба се имаат постигнато одлични резултати во работењето. Кажа дека јавните обвинители постапувале ажурно и професионално. Воедно нагласи дека за разлика од другите апелациони подрачја, тука има примена на мерката на конфискација, како и спогодбите и примена на чл.43 и чл.45. Кажа дека позитивно ќе го оцени и ќе гласа за усвојување на истиот.

Г-ѓа Светлана Жупаноска даде позитивно мислење за изготвениот извештај на ВЈО Штип, како и за резултатите кои се прикажани во извештајот. Воедно се осврна на отфрлените кривични пријави кои видно од извештајот учествуваат со 25,3% од вкупниот број на кривични пријави во работа во 2023 година. Ја поздрави примената на принципот на опуртунитет од чл.43 и 44 од ЗКП и тоа со 12% од отфрлените кривични пријави. Кажа дека ќе гласа за усвојување на извештајот.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање во однос на надзорот и кажа дека нема добиено извештај и праша за начинот на заведување на предмети во ВЈО Штип.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски кажа дека согласно годишниот распоред и Законот за јавното обвинителство, се носи годишен распоред за работа во јавното обвинителство. Кажа дека со овој распоред секој јавен обвинител има бројка по која следат и заведувањето на предметите во уписниците. Воедно даде образложение како тече целата постапка.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека видно од извештајот нема изменето ниту едно обвининие на основно јавно обвинителство и дека нема откажани жалби.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски го потврди истото.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Годишниот извештај на ВЈО Штип за 2023 година е прегледен и покажува исклучителна ефикасност во работењето како на основните јавни обвинителства така и на ВЈО Штип. Кажа дека ќе го подржи извештајот и ќе гласа за усвојување на иститот.

Откако никој не зема збор, Вишиот јавен обвинител ба ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Штип за 2023 година со подрачните основни јавни обвинителства. Едногласно со осум гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Штип за 2023 година со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Штип, со подрачните основни јавни обвинителства ( Берово, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип) во 2023 година.**

Под точка разно никој не зема збор по што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи шестата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**